Архивски број: 0801-317/7

Датум: 16.8. 2021 година

Постапувајќи по претставката заведена под бр.0801-317/1 од 10.12.2019, поднесена од [redacted] од Битола против ЈЗУ здравствен дом Битола како негов работодавач, за заштита од директна дискриминација по основ на пол и повреда на правото на еднаквост на примања за мажите и жените за работа со еднаква вредност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/2020) на 16.08.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

***Не се утврдува дискриминација по основ на пол во работни односи извршена од страна на ЈЗУ Здравствен дом Битола во својство на работодавач кон [redacted] од Битола во својство на вработен.***

## Образложение

На 10.12.2019 година поднесена е претставка од [redacted] од Битола, вработен во ЈЗУ здравствен дом Битола, заведена под бр.0801-317/1, против работодавачот за извршена дискриминација „по основ на инвалидност и еднакво плаќање на мажите и жените", како што подносителот навел во претставката. Согласно чл.47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не била започната постапка до денот на стапувањето во сила на овој Закон, ќе завршат според одредбите содржани во истиот.

Во претставката, подносителот [redacted] го доставил и неговото Барање до Министерството за труд и социјална политика- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување, поднесено на 17.12.2014 преку полномошник – адвокатката [redacted]) од Битола, во кое објаснува дека е вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола на работно место -телефонист, како слепо лице со 100% телесен инвалидитет, уште од 1985 година. Во истиот допис, тој наведува дека во 2003 година, со воведување на тогаш новиот Колективен договор, била направена, како што наведува – „грешка" при пресметување на основицата на неговата плата што се провлекува и до моментот на поднесувањето на претставката, односно при вршењето на валоризацијата и корекцијата на основицата за пресметување на платата не било постапувано исто како и при случајот на неговата тогашна колешка – [redacted], која била вработена на работно место идентично со неговото, истата имала исто образование и исти квалификации и била лице со идентичен инвалидитет како неговиот, но таа, за разлика од него, работела со скратено работно време, „кое не е основ за промена на основицата."

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, имајќи ги во предвид одредбите содржани во ставот 5 од членот 24 од ЗСЗД, кој гласи: „Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата", сепак одлучи да покрене постапка за заштита од дискриминација земајќи го во предвид продолженото траење на потенцијалната дискриминаторска активност, во смисла на одредбите од членот 23 став 2 од Универзалната декларација за човекови права кој гласи: „Секој, без каква и да е дискриминација, има право на еднаква плата

за иста работа“ како и Принципот на еднаквост на примања за мажи и жени за работа со еднаква вредност“, врз кој се темели Конвенцијата за еднакви примања, 1958 (бр.100) и кој е содржан во Законот за работни односи.

Согласно член 26, КСЗД на 28.05.20211 упати Исвестување до ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ од Битола со кое побара работодавачот да се произнесе по наводите содржани претставката на [redacted]. На 17.06.2021 до архивата на КСЗД пристигна нивното произнесување, заведено под бр. 0801-317/3, во кое тие наведуваат дека [redacted] е работно ангажиран кај нив од 05.07.2005 година, (доставуваат М1/М2 образец), по трансформацијата на ЈЗО Медицински центар „Д-р Трифун Пановски“ во три засебни правни субјекти - јавни здравствени установи: Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола, ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаум Абранавел“ Битола и Регионален Завод за здравствена заштита за општините Битола, Кичево, Ресен и Демир Хисар.

Со оглед на овој факт, тие наведоа дека лицето [redacted] воопшто не било евидентирано како вработено во таа установа, од 05.07.2005 па до денес. Исто така, тие доставија и документација од ФПИОМ и Решение бр.04-386/2 од 24.07.2018 со кое [redacted] се стекнува со право да работи со скратено работно време. Дополнително, тие наведоа дека во ЈЗУ Здравствен до – Битола ги почитувале сите права кои на [redacted] му следуваат по основ на инвалидитет, што го потврдија со неколку Решенија за користење на годишен одмор во кои на [redacted] му се одобрени дополнителни денови за годишен одмор, поткрепени со копија од мислење на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РСМ, а во врска со примена на член 34 алинеја 2 и 3 од Колективниот договор за здравствена дејност на РСМ. Тие потврдија и документираа дека согласно Правилникот за систематизација на работните места, административниот работник [redacted] е распореден на работно место со шифра ЗДР0102Г01 015, назив на работно место -телефонист-оператор I со бенефициран стаж и коефициент на сложеност на работата 1,825, кој е ист за сите вработени на тоа работно место (во прилог испратија копии од анекс-договори и исплатни листи освен за [redacted] и за работничките С.Д. и Е.К.) со што de facto докажаа дека го почитуваат во целост принципот на еднаквост на примања за мажи и жени за работа со еднаква вредност.

Затоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.06.2021 испрати допис до ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ Битола, бр. 0801-317/4 со кој побара да се произнесат по наводите од [redacted] кој бил вработен во нивната организација од 01.05.1985 па сè до 04.07.2005, односно до трансформацијата на ЈЗО, со кои тврди дека во 2003, со воведувањето на Колективниот договор, при пресметувањето на платата, односно при ревалоризацијата и коригирањето на основицата за пресметка на плата, направиле грешка во споредба со неговата тогашна колешка – [redacted], која била вработена на работно место идентично со неговото, со исто образование и исти квалификации како и со идентичен инвалидитет како неговиот, со што бил дискриминиран по основ на пол и повреда на правото на еднаквост на примања за мажите и жените за работа со еднаква вредност од нивна страна.

По неколку ургенции од страна на КСЗД, на 13.08.2021, на службената електронска пошта на Комисијата, стигна одговор од страна на ЈЗУ Клиничка болница – Битола, бр.03-761/1, без датум, што во архивата на Комисијата беше архивиран под бр.0801-317/5, со кој нè известија дека „не постои разлика во коефициентите и условите за работа меѓу двете вработени лица [redacted] и [redacted] во периодот во 2002 и 2003“ и во прилог ни доставија картици од евиденција за исплатена плата и за двајцата за споменатиот период, со што го докажаа своето тврдење.

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека нема да го земе во предвид тврдењето на подносителот дека меѓу другото е дискриминиран и по основ на инвалидитет, со оглед дека и лицето на кое се повикува во својство на компаратор, исто така е лице со идентичен инвалидитет како и подносителот, па одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација по основ на

пол во област на работни односи, извршена од страна на претходниот работодавач - ЈЗУ Клиничка болница Битола кон вработениот [redacted] од Битола.

Со оглед дека мандатот на Комисијата е утврден во рамките на Законот за спречување и заштита од дискриминација, го упатуваме подносителот, доколку сметка дека постои повреда на неговите права од работен однос, да побара заштита од Државниот инспекторат за труд.

Скопје
16.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:

- [redacted]7000 Битола
- ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски"-ул.АСНОМ б.б.- 7000 Битола
- ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел"- ул.Панде Николов б.б – 700о Битола